**20180641148**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2018 година.

Бр. 08-2446/1
4 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2003, 161/2009, 171/10 и 41/14), во членот 12 став (3) точка 5) во алинејата 6 сврзникот „и“ се брише.

Точката 6) се брише.

Член 2

Одредбите од членот 12 став (3) точка 5) од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2003, 161/2009, 171/10 и 41/14), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.